Komunikacija u organizaciji (makedonski)
Vrsta: Seminarski | Broj strana: 17 | Nivo: Ekonomski fakultet

## Вовед

Секојдневно живите суштества меѓусебно комуницираат – разменуваат информации. За остварување на комуникацијата користат зборови, знаци, слики, броеви итн. Секојдневно информациите се пренесуваат преку книги, весници, фотографии, телекомуникации, телефон, телевизија, информатика итн. Комуникација претставува и размена на информации во едно претпријатие помеѓу менаџери и вработени и таа овозможуваат навремено информирање за одредени активности или настани. Преку комуникациите се овозможува нормален тек на работните обврски, се надминуваат недоразбирањата или застоите во работата. Комуникацијата претставува пренос на сваќање преку употреба на симболи. Зборот комуникација потекнува од латинскиот збор communis со значење „заедничко“. Со други зборови, се додека заедничкото сваќање не резултира со пренос на вербални или на невербални симболи, ќе нема комуникација.

## Важност на комуникацијата

Оралната комуникација и претходи на писмената. Во стара Грција и во стариот Рим било неопходно при комуницирањето личноста да стои, особено при говор во судовите или во собранијата. Сократ, Платон и Аристотел се дел од историјата на комуникацијата кои и денес имаат големо значење за постоењето на организациите и за поединците.

Понекогаш лошата комуникација има животни последици. Како пример за ова стално се зема експлозијата на вселенскиот брод Челинџер и загубата на седум члениот екипаж во 1986 година. Поради прекин на комуникацијата со леталото, информацијата која најверојатно би им ги спасила животите на екипажот, никогаш не стасала до нив.

Скоро и да не може да се најде дел од работата на еден менаџер кој нема прекин во комуникацијата. Проблемите настануваат кога директивите ќе бидат неразбрани, ќе се појават гласини, ќе настане лоша интерпретација или дисторзија. Така, вистинското прашање не е дали менаџерите комуницираат, туку дали комуницираат ефективно или не ефективно.

Што и да прави менаџерот, тој обавезно комуницира со некого или со некоја група. Единственото прашање е: со кој ефект го прави тоа?

## Елементи на комуникацијата

Основните елементи на комуникацијата се: комуникаторот, перцепцијата и интерпретацијата, кодирањето, пораката, каналот за комуницирање, декодирањето, примачот, повратната врска и шумот на комуникацијата. Симплифицирано, елементите би се опишале вака: Некој (испраќач) има идеја или порака и сака да му ја испрати на некого (примач). За да ја испрати пораката, испраќачот мора да ја претвори во разбирлива форма (кодирање) и да ја испрати преку вербални, невербални или пишани средства (канал на комуникација). Понатаму, пораката се прима преку рецепторите на примачот и се декодира за да може да се разбере. Со климање на главата или со израз на лицето или на било кој друг начин примачот потврдува дека пораката ја примил (повратна врска). Испратената порака може да е искривена од присуството на шумови.

## Комуникатор

Комуникатори во една организација може да бидат: менаџерите, неменаџерите, одделите или целата организација. Менаџерите комуницираат со другите менаџери, подредените, надзорниците, клиентите и другите лица надвор од организацијата. Неменаџерите исто така комуницираат со менаџерите и неменаџерите, клиентите и други лица надвор од компанијата. Луѓето од продажното одделение комуницираат со луѓето од производното одделение, со планското одделение, со кадровското одделение итн. Комуникациите во една организација се важно средство за координирање на работата на поодделни одделенија. Секој од комуникаторите има своја порака, идеја или информација која сака да ја пренесе на некого или на некоја група.

---------- OSTATAK TEKSTA NIJE PRIKAZAN. CEO RAD MOŽETE PREUZETI NA SAJTU. ----------

www.maturskiradovi.net

MOŽETE NAS KONTAKTIRATI NA E-MAIL: maturskiradovi.net@gmail.com